ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:33-206/11**

**Дата: 18.09.2013**

**ДО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за животна средина и просторно планирање (во понатамошниот текст МЖСПП) сметка на основен буџет (631), за 2012 година.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораката дадена во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е утврдено дека истата е делумно спроведена.

Врз основа на резултатите од ревизијата, не изразуваме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање, сметка на основен буџет (631), ден 31.12.2012 година, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразуваме негативно мислење.

Во рамки на утврдените слабости, како позначајни ги констатиравме: ненавремено раздолжување на вработени за дадени аванси за службени патувања согласно законските прописи, неутврдени контролни постапки/процедури за следење на навременоста и комплетноста на уплатата на надоместоци од регистрација на моторни возила, неправилно спроведен попис на обврските, ангажирање на лица по договор на дело без јасно и конкретно прецизирани обврски и работни задачи и непочитување на Законот за јавни набавки при набавките на стоки.

По однос на наведеното, укажуваме дека одговорните лица во МЖСПП на РМ треба да преземат активности со кои ќе се обезбеди целосно почитување на подзаконските акти за службени патувања, наплата на побарувања од вработени од изминати години, целосно и правилно спроведување на пописот, ангажирање на лица согласно законскитепрописи, измени и допрецизирање на законската регулатива како и воведување на утврдени контролни постапки и процедури со

цел обезбедување целосност и точност на приходите по предвидениот основ, да се обезбеди доследна примена на постапките утврдени со Законот за јавни набавки а со тоа и ефикасно користење на средствата при набавки на стоки и услуги.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 11 и 12 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (631) , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2007 година на МЖСПП при што изразено е негативно мислење за финансискиот извештај Биланс на состојба, позитивно мислење за финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи, а за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции изразено е мислење со резерва.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Абдилаќим Адеми, министер од 04.08.2011 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на МЖСПП на РМ се користени за

планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата изнесени во делот „Цели и делокруг на ревизијата“ ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на ден 31.12.2012 година.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

Министерството нема евиденција за целосноста и точноста на остварените приходи по основ на надоместокот за регистрација на моторни возила, не е извршен целосен и правилен попис на обврските согласно законските прописи.

Поради наведеното, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ сметка на основен буџет (631), ден 31.12.2012 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 04.03.2012 до 31.05.2013 кај МЖСПП на РМ од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години – спроведување на препораките

Ревизијата од точката 1.1. опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година, при што е констатирана дека најголем дел од препораките се имплементирани. Од вкупно дадените 11 препораки, 7 се спроведени, 2 се делумно спроведени, а 1 не е спроведена и 1 ќе биде спроведена во 2013 година и тоа:

- Целосно се спроведени препораките по основ на примена на ист принцип за начинот на доделување на средствата согласно постапката утврдена во Законот за животна средина, потоа со Програмата за инвестирање во животната средина за 2008 година направено е разграничување за кои намени од Програмата за инвестирање во животната средина, здруженијата на граѓани можат да аплицираат, исто така изработена е апликација која ги содржи сите потребни елементи на кои апликантот мора да одговори и е во прилог на Конкурсот, навремено се започнува постапка за донесување на Програма за инвестирање во животната средина, а во договорите се вклучени попрецизни одредби кои се однесуваат на предметот на договорот, роковите за извршување, МЖСПП е во постојан контакт со останатите надлежни институции и станици за технички преглед како и тоа дека не се доделуваат средства за стручно усовршување, а со почеток на 2013 година сите обврски ќе се евидентираат согласно закон.
.
- Делумно се спроведени препораките по основ на воведување на евиденција на надоместок што се плаќа при регистрација на моторни возила, водење на евиденцијата според податоци од Централен регистар а не врз основа на обезбедена системска електронска поврзаност на институциите – учесници предвидени во ЗЖС;

- Не се спроведени препораките кои се однесуваат донесување на Интерен акт во кој ќе биде определена максималната горна граница до која ќе може да се доделуваат средствата за еден проект, програма или активност,истиот не е донесен.

Во Прилог 1 кон овој извештај дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 30.05.2013 година.
Министерот на МЖСПП на ден 09.08.2013 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за сметката на основен буџет (631) за 2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат елементи за промена на утврдената состојба во Нацрт извештајот.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 На ставката краткорочни побарувања од вработените на 31.12.2012 година евидентирани се побарувања во износ од 134 илјади денари и се однесува на аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство. Невратените аванси во износ од 127 илјади денари се од претходни години. Од страна на МЖСПП на РМ не се превземени мерки и активности за раздолжување на истите. Оваа состојба не е во согласност со одредбите на член 24 од Општиот колективен договор за јавниот сектор и член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, каде е уредено дека враќањето на овие средства се врши во рок од три работни дена (во земјата) и седум дена (во странство) од денот кога службеното патување е завршено.

**Препораки**

1. При патување во странство да се почитува Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.
2. Министерството да преземе мерки за наплата на побарувањата за денарски и девизни аванси кои потекнуваат од минати години.

4.1.2 МЖСПП нема увид во наплата на надоместокот, односно вкупниот број на обврзници кои го плаќаат овој надоместок согласно член 163 став 2 од ЗЖС. Со увид во документацијата на МЖСПП на РМ, ревизијата по однос на приходите надоместоци од регистрација на моторни возила ги утврди следнитесостојби:

- приходите што министерството ги остварува по основ на овој

надоместок не се уплатуваат редовно секој месец од страна на правните лица кои вршат заверка на техничката исправност на моторните возила иако за истите се предвидени рокови во одредба од ЗЖС,

- за истите не доставуваат редовни месечни извештаи - најдоцна до 15 во тековниот месец за уплатениот надоместок за претходните три месеци до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.,
- утврдени се и директни уплати од физички лица при регистрација на возилата со различен опис во делот цел на дознака и сл.

Имајќи ги во предвид наведените состојби ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на приходите на МЖСПП на РМ по основ на надоместокот во износ од 73.118 илјади денари, што се плаќа при регистрација на моторни возила во Република Македонија, од причина што иако се работи за законска регулатива и примена на одредби од истата подолг временски период, истата не е обезбедена со подзаконски акти а со тоа и утврдени контролни постапки/процедури и евиденции за следење на навременоста и комплетноста на уплатата на средствата, односно не е обезбедена заштита на надоместокот како приход на МЖСПП на РМ[1], а со тоа и целосноста и точноста на приходите на истото што не е во согласност со член 37б став 2 од Законот за буџети. Ваквата состојба има за последица нецелосен увид во вкупните приходи на министерството што треба да ги оствари по овој основ што го доведува во прашање и реалното планирање на истите. Во тек на вршење на ревизијата отпочнати се активности - изготвување предлог за измена и дополна на одредбите од ЗЖС со кои се уредува основот за уплата на надоместокот – решение, пресметка на надоместокот еднаш годишно и др. со цел обезбедување на приходите на МЖСПП - надоместок за регистрација на моторни возила односно пловни објекти.

**Препораки:**

1. МЖСПП да ги интензивира активностите за измена и дополна на ЗЖС со што ќе се направат измени и допрецизираат одредени одредби од ЗЖС кои се однесуваат токму на одредбите од ЗЖС за целосност и точност на приходите по предвидениот основ.

2. МЖСПП треба да обезбеди целосен систем на евиденција на приходите по основ на надоместок за регистрација на моторни возила односно пловни објекти преку воспоставување на контролни постапки, процедури (систем на комуникација со другите субјекти: МВР, АМД, МФ, УЈП во поглед на добивањето на податоци кои ќе послужат за утврдување на точниот број регистрирани моторни возила.

[1] МЖСПП ја следи наплатата на надоместоците преку банкарските изводи и списоците од правните лица за технички преглед за обврзниците кои не се секогаш поединечни, постојат извештаи во кои се дадени групни прегледи на обврзници

4.1.3 Во текот на 2012 година исплатени се средства во износ од 2.872 илјади денари по основ на склучени договори за дело со 20 лица за континуирано извршување на следните активности: вршење на стручна и административна поддршка на министерот, давање на стручни експертски консултации при изработување, донесување и спроведување на решение за просторен план и урбанистички планови, стручни консултантски мислења од областа на животната средина, извршување на протоколарни работи, технички секретарки, возачи на министерот и друго.

Со увид во договорите ревизијата констатира дека во истите не се јасно и конкретно прецизирани обврските и работните задачи на лицата кои се ангажирани, поради што ревизијата за дел од склучените договори не може да утврди за кои работни места од интерниот акт станува збор и дали истите соодветствуваат на одредени работни места кои се предвидени со постојниот акт за систематизација. Отсуството на јасно дефинирани обврски/работни задачи кои треба да се извршат создава можност од постоење на субјективен пристап при определување на висината на надоместоците за исплата кое може да предизвика нереално и необјективно исплатени надомести . Ангажирање на лица врз основ на договор за дело не е во согласност со член 619 од Законот за облигациони односи каде е уредено дека со договор за дело вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа, како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот се обврзува за тоа да му исплати надомест.

Исто така ангажирањето на надворешни лица на ваков начин не е во согласност со одредбите од член 9 од Законот за државни службеници, член 17 од Законот за извршување на буџетот за 2012 година, член 4 од Законот за привремени вработувања, необезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување преку пропишани постапки. и има за ефект незаконски потрошени државни средства.

**Препорака**

МЖСПП по утврдување на реалните потреби за ангажирање на лица од надвор неопходни за постигнување на предвидените цели и задачи да преземе активности заедно со МИО и МФ за ангажирање на лица согласно законските прописи.

## 4.2 Финансиски извештаи

### Биланс на состојба

4.2.1 Наодот изнесен во точката 4.3.9 алинеја 5 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со нецелосно и неправилно спроведениот попис на средства и изворите на средства, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).

Имено, пописот за 2012 година не е извршен на начин предвиден со одредбите наведени во член 21 од Законот, членот 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Во извештајот на Комисијата за попис, пописот на обврските е прикажан само со износ од 2.391 илјади денари а при тоа не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите. Ваквиот начин на постапување придонесува за постоење можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и до нереални финансиски извештаи.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

### Јавни набавки

4.3.1 Ревизијата утврди набавка на стоки и услуги – садници, не е во согласност со член 28 од ЗЈН. Имено МЖСПП на РМ за свои потреби (за Општина Липково и Боговиње) извршила набавка на садници во 2012 година во вкупен износ од 362 илјади денари. Со увид во документацијата на МЖСПП на РМ утврдивме испратници за садници издадени во месец март и приемници за истите од месец април и една приемница без датум. Одлука за јавна набавка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас е донесена на 31.05.2012 а договорот со добавувачот е склучен во месец јуни. Споменатата состојба укажува дека е претходно извршена набавка без спроведени постапки согласно ЗЈН со што не е обезбедена транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувач што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапката за доделување договор за јавна набавка.

**Препорака:**

За сите набавки на стоки, работи и услуги МЖСПП на РМ да ги почитува законските одредби во функција на рационално и ефикасно искористување на средствата.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесеното во точките 4.1.2 и 4.2 од овој извештај, а која се однесува на неуверување во целосноста и точноста на остварените приходи и неправилно спроведен попис на обрските спрема добавувачите со што не е обезбедена потврда за реалноста и објективноста за состојбата на истите, ревизијата не беше во можност да ги квантифицира ефектите врз финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ сметка на основен буџет (631), но поради значајноста на утврдените слабости, ревизијата се воздржа од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на ден 31.12. 2012 година.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1.2 и 4.2 ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. **Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на** Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ , сметка на основен буџет (631), на ден 31.12.2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1. 4.2. и 4.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за животна средина и просторно планирање на РМ сметка на основен буџет (631), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Скопје, 22.08.2013 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1.1. | 247 | 4.271 |
| Неданочни приходи | 3.1.2. | 73.118 | 38.277 |
| Трансфери и донации | 3.1.3. | 1.439 | 713 |
| **Вкупно приходи** | | **74.804** | **43.261** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 21.449 | 11.547 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.2. | 8.273 | 10.979 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **29.722** | **22.526** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 44.283 | 19.296 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **44.283** | **19.296** |
| **Вкупно расходи** | | **74.005** | **41.822** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **799** | **1.439** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 906 | 1.438 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 134 | 126 |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.1.3. | 150 | 72 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 27.621 | 55.672 |
| **Вкупно тековни средства** | | **28.811** | **57.308** |
| **Вкупна актива** | | **28.811** | **57.308** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 2.638 | 5.295 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.2.2. | 30 | 24 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.3. | 26.143 | 51.989 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **28.811** | **57.308** |
| **Вкупна пасива** | | **28.811** | **57.308** |

[redacted]

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Архивски бр. 22-6518/2

Дата: 07.8.2013

Република Македонија
Министерство
за животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бб
1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон. (02) 3251 400
Фах. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До:
Државен завод за ревизија
ул.Македонија 12/3
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 09.08.2013 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 33 | 206/9 | | |

Врска: Ваш бр. 33-206/8 од 11.07.2013 год.

Предмет:Забелешки на Нацрт извештаи

Почитувани,

Согласно Вашиот допис бр.33-206/8 од 11.07.2013 год. и член 30 став 2 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/2010 и 145/2010), Министерството за животна средина и просторно планирање Ви доставува забелешки на Нацрт извештаите

-Сметка на основен буџет на РМ – 637

-Сметка на основен буџет на РМ – 631 и

-Сметка на буџет од самофинансирачки активности – 787.

Со почит,

Министер,
Abdilaqim Ademi

Изработил: Наташа Костојчиноска
Контролирал: Весна Петрушевска
Тодор Ѓорговски
Согласен : Државен секретар
Д-р Соња Лепиткова

Прилог: Анекс на Договор бр. 02-9738/5 од 18.11.2009 год.
-Коментар во врска со наодот за реализацијата на Рамковната спогодба бр.02-2757/15 од 30.05.2011 год.

ПРЕПОРАКИ ПО ИЗВЕШТАЈ ОД ДЗР ЗА СМЕТКА 631

| РЕД. БР. | НАОД | ПРЕПОРАКА | СТАТУС НА ПРЕПОРАКАТА |
|---|---|---|---|
| 4.1. ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ | | | |
| 4.1.1. | На ставката 150- краткорочни побарувања од вработените на 31.12.2012 година евидентирани се побарувања во износ од 134 илјади денари и се однесува на аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство. Невратените аванси во износ од 127 илјади денари се од предходни години. Од страна на МЖСПП на РМ не се превземени мерки и активности за раздолжување на истите. Оваа состојба не е во согласност со одредбите на член 24 од Општиот колективен договор за јавниот сектор и член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци, каде е уредено дека враќањето на овие средства се врши во рок од три работни дена (во земјата) и седум дена (во странство)од денот кога службеното патување е завршено. | При патување во странство да се почитува Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци.<br><br>Министерството да превземе мерки за наплата на побарувањата за денарски и девзни аванси кои потекнуваат од минати години. | Пуштена е опомена до сите лица кои должат средства по основ на аванси и посочено е истите да ги вратат во рок од 30 дена. Ако средствата небидат вратени МЖСПП ќе поднесе тужба против истите. |
| 4.1.2 | МЖСПП на РМ нема увид во наплатата на надоместокот, односно вкупниот број на обврзници кои го плаќаат овој надоместок согласно член 163 став 2 од ЗЖС. Со увид во документацијата на МЖСПП наРМ, ревизијата по однос на приходите надоместоци од регистрација на моторни | МЖСПП да ги интензивира активностите за измена и дополна на ЗЖС со што ќе се направат измени и допрецизираат одредени одредби од ЗЖС за целосност и точност на приходите | Измените во Законот за животна средина се направени и истите се во Владина процедура |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | возила ги утврди следните состојби:<br><br>Приходите што министерството ги остварува по основ на овој надоместок не се уплатуваат редовно секој месец од страна на правните лица кои вршат заверка на техничка исправност на моторните возила иако за истите се предвидени рокови во одредба од ЗЖС.<br>за истите не доставуваат редовни месечни извештаи – најдоцна до 15 во тековниот месец за уплатениот надоместок за претходните три месеци до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.<br>и покрај склучените договори помеѓу МЖСПП на РМ со правни лица за заверка на техничка исправност на возилата, истите не вршат уплати и по цела година, 12,5 % од вкупно склучените договори.<br>утврдени се и директни уплати од визички лица при регистрација на возилата со различен опис во делот цел на дознака и сл.<br>Имајки ги во предвид наведените состојби ревизијата не можеше да се увери во целосноста и точноста на приходите на МЖСПП на РМ по основ на надоместокот што се плаќа при регистрација на моторни возила во Република Македонија, од причина што иако се работи за законска регулатива и примена на одредби од истата подолг временски период, истата не е обезбедена со подзаконски | по предвидениот основ.<br><br>МЖСПП на РМ треба да обезбеди целосен систем на евиденција на приходите по основ на надоместок за регистрација на моторни возила односно пловни објекти преку воспоставување на контролни постапки, процедури (систем за комуникација со други субјекти: МВР, АМД, МФ, УЈП во преглед на добивањето на податоци кои ќе послужат за утврдување на точниот број на моторни возила. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | акти а со тоа и утврдени контроли постапки/процедури и евиденции за следење на навременоста и комплетноста на уплатата на средства односно не е обезбедена заштита на надоместокот како приход на МЖСПП на РМ, а со тоа и целосноста и точноста на приходите на истото. Ваквата состојба има за последица нецелосен увид на вкупните приходи на министерството што треба да ги оствари по овој основ што го доведува во прашање и реалното планирање на истите. Во тек на вршење на ревизијата отпочнати се активности – изготвување предлог за измена и дополна на одредбите од ЗЖС со кои се уредуваат основот за уплата на надоместокот – решение, пресметка на надоместокот еднаш годишно и др. со цел обезбедување на приходите на МЖСПП – надоместок за регистрација на моторни возила односно пловни објекти. | | |
| 4.2. УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНИ И ПРОЦЕСИ | | | |
| 4.2.1 | Во текот на 2012 година исплатени се средства во износ од 2.872 илјади денари по основ на склучени договори за дело со 20 лица за континуирано извршување на следните активности: вршење на стручна и административна подршка на министерот, давање на стручни експертски консултации при изработување, донесување и спроведување на решение за просторен план и урбанистички планови, | МЖСПП по утврдување на реалните потреби за ангажирање на лица од надвор неопходни за постигнување на предвидените цели и задачи да превземе активности заедно со МИО и МФ за ангажирање на лица согласно законските прописи. | Во тек е измена на систематизацијата , при тоа се прават и усогласувања на работните места и се разгледува потребата од работните места кои се пополнети со договор за дело. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | стручни консултански мислења од областа на животната средина, извршување на протоколарни работи, технички секретарки, возачи на министерот и друго. Со увид во договорите ревизијата констатира дека од истите не се јасно и конкретно прецизирани обврските и работните задачи на лицата кои се ангажирани, поради што ревизијата за дел од склучените договори неможе да утврди за кои работни места од интерниот акт станува збор и дали истите соодветствуваат на одредени работни места кои се предвидени во постојниот акт за систематизација.<br>Одсуството на јасно дефинирани обврски/работни задачи кои треба да се извршат создава можност од постоење на субјективен пристап при определување на висината на надоместоците за исплата кое може да предизвика нереално и необјективно исплатени надоместоци.<br>Ангажирање на лица врз основ догоовр за дело не е во согласност со член 619 од Законот за облигациони односи каде е утврдено дека со договор за дело вршителот на работата се обврзува да изврши определена работа , како што е изработка или поправка на некој предмет или извршување на некоја физичка или интелектуална работа и слично, а нарачувачот за тоа се обврзува да му исплати надоместок.<br>Исто така ангажирање на надворешни лица на ваков начин не е во согласност со | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | одредбите од член 9 од Законот за државни службеници, член 17 од Законот за извршување на буџетот за 2012 година, член 4 од Законот за привремени вработувања, необезбедува еднаквост, јавност и транспарентност при вработување преку пропишани постапки и има ефект незаконски потрошени државни средства.<br>. | | |
| | | | |
| **4.3 Финансиски извештаи**<br>**Биланс на приходи и расходи** | | | |
| 4.3.1 | Наодот изнесен во точка 4.3.9 алинеа 5 од Извештајот за сметката на основен буџет (637) во врска со нецелосно и неправилно спроведен попис на средства и извори на средства, се однесуваат и на сметката на основниот буџет (631).<br>Имено, пописот за 2012 година не е извршен на начин предводен со одредбите на член 21 од Законот, член 31-в од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Во извештајот на комисијата за попис, пописот на обврските е прикажан само со износ од 2.391 илјади денари а при тоа не е утврдена правната основа за постоење и старосна структура на истите. Ваквиот начин на постапување придонесува за постоење можност од нереално прикажување на средствата и изворите на средствата и до нереални финасиски извештаи. | | Министерот во септември ќе формира пописна комисија која ќе направи вонреден попис . |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.4. КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ | | | |
| 4.4.1 | Ревизијата утврди набавка на стоки и услуги – садници спроведена без донесена одлука за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 од ЗЈН. Имено МЖСПП на РМ за свои потреби (за општина Липково и Боговиње)визвршила набавка на садници во 2012 година во вкупен износ од 362 илјади денари. Со увид во документацијата на МЖСПП на РМ утвдивме испратници за садници издадени во месец март и приемници за истите од месец април и една приемница без датум. Одлуката за јавна набавка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас е донесена на 31.05.2012 а договорот со добавувачот е склучен во месец јуни. Споменатата состојба укажува дека е претх одно извршена набавка без спровеени постапки согласно ЗЈН со што не е обезбедена транспарентност, фер конкуренција и објективност при изборот на понудувач што создава ризик од нерационално и неефикасно искористување на средствата во постапка за доделување на договор за јавна набавка. | За сите набавки за стоки, работи и услуги МЖСПП на РМ да ги почитува законските одредба во функција на рационално и ефикасно искористување на средствата. | |

# ОДГОВОР

## на забелешки по Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор

Министерот на МЖСПП на РМ на ден 09.08.2013 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за сметката на основен буџет (631) за 2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија под број 33-206/9 од 09.08.2013.

Овластениот државен ревизор ја разгледа доставената забелешка на Нацрт извештајот и по истата се произнесе како што следува:

1. Забелешката на наодот од **точката 4.1.1.** од Нацрт извештајот, која се однесува на евиденција на аванси на вработените за службени патувања во земјата и странство од изминати години, при што од страна на МЖСПП на РМ не се превземени активности за нивно раздолжување, **претставува известување** од страна на субјектот по однос на препорака на наодот. Исто така од страна на субјектот не е доставена дополнителна поткрепувачка документација – опомени кои се пуштени до сите лица кои должат средства по основ на аванси, истите да ги вратат во рок од 30 дена, а во спротивно ќе бидат превземени други активности – тужби против истите лица.

2. Забелешката на наодот од **точката 4.1.2.** од Нацрт извештајот, која се однесува на приходите т.е дека МЖСПП на РМ нема увид во наплата на надоместок од регистрација на моторни возила, **претставува известување** од страна на субјектот по однос на препорака на наодот. Исто така од страна на субјектот не е доставена дополнителна поткрепувачка документација – изготвените измени во Законот за животна средина кои доставени до Влада на РМ и истите се во процедура.

3. Забелешката на наодот од **точката 4.2.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на договорите за дело, односно дека во истите не се јасно дефинирани обврските/работните задачи кои треба да се извршат, а од друга страна за истите треба да се исплатат надоместоци, **претставува известување** од страна на субјектот за активности кои се во тек и се однесуваат на препораката на наодот.

4. Забелешката на наодот од **точката 4.3.1** од Нацрт извештајот, која се однесува на нецелосен и неправилно спроведен попис - направен е попис на обврските при што не е утврдена правната основа за постоење и старосна структура на истите, **претставува известување** за активности кои ќе бидат преземени од страна на субјектот, односно во септември ќе се формира пописна комисија која ќе направи вонреден попис.



Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ________________ ____________________________
2. ________________
3. ________________